**20160691979**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Врз основа на член 394 алинеја 20 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 169/15, 226/15 и 55/16), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ВО ОДНОС НА СТРУЧЕН КАДАР, ПРОСТОРНИТЕ УСЛОВИ И МАТЕРИЈАЛНО – ТЕХНИЧКАТА И ИНФОРМАТИЧКАТА ОПРЕМА, НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИ ВОЗАЧКИ ДОЗВОЛИ И ОДОБРЕНИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ НА ТУЃО МОТОРНО ВОЗИЛО ВО СТРАНСТВО ОД СТРАНА НА ОВЛАСТЕНИТЕ ПРАВНИ ЛИЦА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските критериуми во однос на стручен кадар, просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема, начинот на водење на евиденции за издавање на меѓународни возачки дозволи и одобренија за управување на туѓо моторно возило во странство од страна на овластените правни лица.

Член 2

Лице кое работи на издавање на меѓународни возачки дозволи и одобренија за управување на туѓо моторно возило во странство во овластено правно лице, треба да има:

- завршено средно образование;
- потврда (сертификат) за основни познавања од областа на информатиката и
- склучено договор за вработување на определено или неопределено време со полно работно време, согласно закон.

Член 3

Просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема опфаќаат:

- просторија осветлена со дневна светлина, со природно или вештачко (со вентилациони уреди) проветрување, во која има простор за пристап на странките и простор за опремата;
- просторија (магацин) за складирање на меѓународни возачки дозволи и одобренија за управување на туѓо моторно возило во странство во непосредна близина на просторијата;
- работна маса (пулт, шалтер, биро);
- метална каса;
- телефонска врска;
- опрема за канцелариско работење и
- информатичка опрема и софтверска апликација со која се овозможува увид во евиденција за издадени меѓународни возачки дозволи и за издадени одобренија за управување на туѓо моторно возило во странство од страна на Министерството за внатрешни работи, со интернет конекција од најмалку 1 mb/s.

Член 4

(1) Евиденцијата за издавање на меѓународна возачка дозвола се води во хартиена форма како регистар.

(2) Страниците од регистарот од ставот (1) на овој член се означуваат со реден број, а пред да се започне со запишување на податоците во регистарот на почетокот и на крајот на календарската година истиот се заверува и заклучува од страна на надлежната

организациска единица на Министерството за внатрешни работи на чие подрачје е седиштето на овластеното правно лице за вршење технички преглед на возила овластено за издавање меѓународни возачки дозволи.

Член 5

(1) Евиденцијата за издадени одобренија за управување на туѓо моторно возило во странство се води во хартиена форма.

(2) Страниците од евиденцијата од ставот (1) на овој член се означуваат со реден број, а пред да се започне со запишување на податоците во него на почетокот и на крајот на календарската година истиот се заверува и заклучува од страна на надлежната организациска единица на Министерството за внатрешни работи на чие подрачје е седиштето на овластеното правно лице за вршење технички преглед на возила овластено за издавање на одобрение за управување на туѓо моторно возило во странство.

Член 6

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 1311-20001/1
29 март 2016 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски,** с.р.